# Известување до матични лекари

Почитувани,

Ве известуваме дека во системот Мој Термин се направени измени кои се однесуваат на унапредување на постоечки функционалности и за кои е потребно да ги известите сите лекари. Во продолжение ги наведуваме измените:

1. **Автоматско закажување на прегледи во Кабинет за дојка**

Во системот Мој термин направена е измена во досегашниот начин на упатување на преглед во Кабинет за дојка, а кој се спроведува согласно Протоколот-**Патека за упатување на жените за прегледи на дојка со цел рано откривање на рак на дојка.** Измената се однесува на делот на упатување, при што е овозможено упатот да биде креиран кај матичен лекар или одредени специјалисти согласно Патеката, само до ниво да се избере/внесе урнекот за упатување со соодветна дијагноза и одговор на прашањата од урнекот. Со тоа пациентката ќе влезе во листа на чекање за преглед за Кабинет за дојка. Прераспределбата, односно закажувањето продолжува автоматски, согласно изготвен алгоритам кој ќе ги земе во предвид временската димензија дефинирана во Протоколот како и географската локација, во насока пациентката да биде закажана во најблиската установа. За закажаниот преглед пацентката ќе добие смс порака на телефонскиот број кој е наведен во упатот. Од тие причини ја напоменуваме важноста од внесување на точен телефонски број (мобилен) при креирање на упатот. Во системот Мој термин, во делот за Упатства е прикачено кратко упатсво за оваа нова функционалност.

2. **Печатење на Извештај од специјалист само кај преглед со статус Затворен**

Во системот Мој термин е направена измена со која печатење на извештај од специјалист е овозможена само доколку прегледот е во статус **Затворен**. Извештајот ќе биде видлив во досието на пациентот само доколку е во статус **Затворен**. Измената е направена кај упатите од тип СУ1.

3. **Печатење на двојазични обрасци за упат и извештај од специјалист**

Во Службен весник на Република Северна Македонија бр.278 од 26.12.2023 година е објавена Одлука за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на оставрување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. Со одлуката се прави тековно ревидирање на обрасците, а во голем дел и доусогласување на медицинските обрасци со Законот за употреба на јазиците. Ве известуваме дека во Мој Термин, во делот за печатење на упат и извештај се додадени и двојазичните обрасци, кои може да ги издавате по барање на пациентот.

**Управа за електронско здравство**